**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

**АВГУСТ 2023**

Врз основа на член 89 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ ”бр. 67/2004) и Законот за изменување и дополнување на законот за средно образование („Службен весник на РМ ”бр. 33/2010)  Училишниот одбор при Средното општинско училиште ’’Ѓорче Петров’’ од  Прилеп, на Седницата одржана на ден _______________ г. ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на СОУ Ѓорче Петров – Прилеп за учебната  2022/2023 година.

Годишниот извештај е изработен од Педагогот на училиштето, разгледан од Наставничкиот совет и раководниот орган на училиштето, а е донесен и усвоен на седница на Училишен одбор.

| | |
|---|---|
| в.д. директор | Претседател на Училишниот  одбор |
| Жанета Видевска | Златко Волчески |

# 1. УСЛОВИ ВО КОИ СЕ ИЗВЕДУВАШЕ НАСТАВАТА ВО ТЕКОВНАТА 2022/2023 ГОДИНА ВО СОУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"

## 1.1. Извештај за работата на директорот за учебната 2022/23 година

Во текот на учебната година директорот на училиштето ги реализираше следните конкретни активности:

1. Обезбедено знаме на Република Македонија (од ЛС Прилеп) и поставено на јарболот во дворот на училиштето
2. Набавени (донација) и засадени 27 борови садници во дворот на училиштето
3. Исчистен и уреден запуштениот дел од дворот на училиштето кај работилниците
4. Изработен технички извештај бр. 1010/1/1/23 од преглед и испитување на електрична отпорност на заштитнозаземјување на струен круг на нисконапонска електрична инсталација од страна на Техничкиот институт Македонија
5. Изработен лабораториски извештај бр. 771/3/1/23 за мерења на емисии на загадувачки материи во воздухот од страна на Техничкиот институт Македонија
6. Извршена обука за заштита при работа на 8 вработени од страна на Техничкиот институт Македонија
7. Поправена машина за изработка на илики во просторијата за изведување практична настава за текстилно-кожарската струка
8. Изработени и донирани 120 навлаки за перници во Домот за стари лица Киро Крстески – Платник од страна на учениците и наставниците иод текстилно-кожарската струка
9. Обебедени (подарок) три ваучери од по 1400 евра за упис на ученици во БАС Академија – Битола за учевбната 2023/24 (еден ваучер е искористен од ученик од текстилно-кожарската струка)
10. Организирана промоција на училиштето преку посета на основните училишта од оопштините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, Неготино и Кавадарци и преку организирање отворен ден на училиштето што беше медиумски покриено
11. Обезбеден нов фрижидер за училиштето (донација)
12. Поправени 15 компјутери и заменети 6 неонки и 3 лед светилки кои беа оштетени при работењето од страна на екипа на ЕВН

13. Купена и инсталирана нова електронска брава за на електронската влезна врата кај канцелариите (оштетена при работењето од страна на екипа на ЕВН)
14. Купени нови 80 електронски тагови за електронската брава
15. Набавен и инсталиран нов ДВР за поставување безбедносни камери (работеле само 9 камери)
16. Набавени и инсталирани камери за видеонадзор во училиштето со обезбедени нови 305 м. кабел (набавени и педесет (50) 12-волтни ПВЦ конектори и 50 РГ-59 конектори, 10 м 60Х100 поп-канали)
17. Поврзани 3 телевизори на кабелска телевизија (во наставничка канцеларија, во канцеларијата на директорот и во просторијата на техничката служба)
18. Континуирано набавување на канцелариски материјали за потребите на вработените во училиштето
19. Редовно набавување на средства за хигиена во просториите на училиштето
20. Изработен проект за оградување на училишниот двор, обезбедени средства од ЛС Прилеп, спроведена тендерска постапка и избран изведувач
21. Во тек е тендерска постапка за набавка на наставно-образовни помагала и материјали за работа на сите наставници за практична и теоретска настава.
22. Набавена нова машина за косење трева
23. Набавена нова моторна пила за потребите на техничкиот персобнал
24. Набавени материјали за разни поправки во училиштето и извршени поправки во просториите на училиштето и замена на дотраени и оштетени делови каде што има потреба
25. Бојадисани клупите за одмор во дворот и во ходниците на училиштето, како и во просторијата за пауза на наставниците
26. Бојадисани дрвените делови од прозорците во училиштето
27. Санирани кабинетите за практична настава и соблекувалните во спортската сала (ѕидови, плочки, инвентар...)
28. Извршен санитарен преглед на вработените

29. Извршен систематски преглед на вработените
30. Извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите на училиштето од страна на Центарот за јавно здрравје - Прилеп

**1.2.Интегрална евалуација**

Во периодот од 12.10.2022 до 14.10.2022 во училиштето беше извршена Интегрална евалуација од тим на инспектори од Државниот просветен инспекторат. Според извештајот на ДПИ, училиштето беше оценето со оценка 3,00 добро.

**1.3.Воспитно-образовен кадар**

За да може училиштето да работи со успех, неопходно е добра координирана активност на повеќе профили на кадри и служби:

•Кадри за воспитно-образовна работа: директор, помошник директор, психолог, педагог, наставници и библиотекар.

•Кадри за административно-економски работи - секретар/благајник;

•Кадри за техничко-помошни работи: чувари, хигиеничари, хаус-мајстори.

Во текот на изминатата година вкупно наставата ја изведуваа 60 професори, а од стручните соработници има еден психолог и еден педагог.

1.3.Ученици и ученички стандард

На почетокот од учебната година беа запишани – 833 ученици во сите струки. Вкупниот број на ученици беше распределен во 35 паралелки на следниот начин по струки и профили:

1. Здравствената струка - медицинска сестра - 6 паралелки
2. Здравствената струка – гинеколошко-акушерска сестра – 2 паралелки
3. Здравствена струка-физиотерапевтски техничар - 4 паралелки
4. Здравствена струка-фармацевтски техничар – 4 паралелки
5. Лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина– 4 паралелки
6. Лични услуги - фризер - 3 паралелки
7. Текстилно-кожарска струка - техничар за изработка на облека – 4 паралелки
8. Шумарско-дрвопреработувачка струка – техничар за обработка на дрво – 4 паралелки
9. Геолошка, рударска и металуршка струка – ракувач со рударски машини – 1 паралелка
10. Геолошка, рударска и металуршка струка - геолошко рударски техничар -3 паралелки

## 2. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ДЕЈНОСТИ

### 2.1.Настава

Наставата во нашето училиште се одвиваше и реапизираше во согласност на актите со кои истата се пропишува од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Согласно Календарот за организација на учебната 2022/23 година, наставата почна на 01.09.2022 година, а заврши на 09.06.2023 година, односно на 18 мај 2023 година за учениците од завршните години на тригодишното и четиригодишното средно образование.Учебната година заврши на 31 август 2023 година и траеше 163 наставни денови за завршните години и 177 за сите останати ученици од тригодишното и четиригодишното средно образование.

### 2.2.Образовна практика

Како воспитно-образовна цел која се поставува пред нашето училиште е и работното оспособување на учениците со изведување на практична настава, со што теоретски совладаниот материјал подобро би се усвоил и разбрал.

Практичната настава се изведуваше во практичните бази како и во фирмите со кои имаме склучено меморандуми за соработка за предметот Учење преку работа кај работодавач.

Искуства за практичната настава се црпеа и од учествата во проектите од Еразмус

**Координатор за Еразмус: Елизабета Милошеска**

**1.Проект -Testify the resources before sharing a post"– „Провери го изворот пред да споделиш нешто"**

-реализирани се четири онлајн состаноци на Google groups

-Една активност за учење со физичко присуство со 5 ученици во Измир, Турција во октомври, 2022

-Една активност за учење со физичко присуство со 7 ученици во Кавала, Грција во февруари, 2023

-Една активност за учење со физичко присуство со 7 ученици во Сату Маре, Романија во март, 2023

Во март, 2023 - со 3 ученици учество на настанот "Твоја Европа Твој Глас " во Брисел, организиран од страна на Европскиот Економски и социјален комитет.

**Координатор за Еразмус: Билјана Тошеска**

- Проект **"Cultural animation as a key against elderly social isolation"** - состанок-Англија, Кингс Лин (5 ученици, 2 професори, јануари 2023, 5 работни дена, 2 дена пат)
- Проект **"Cultural animation as a key against elderly social isolation"** - состанок-Хрватска, Славонски Брод (5 ученици, 2 професори, март 2023, 5 работни дена, 2 дена пат)

-Проект **"Cultural animation as a key against elderly social isolation"** - состанок-Хрватска,Славонски Брод (3 професори, јуни 2023, 4 работни дена, 2 дена пат)

-Проект **"Unification in Diversity**"-состанок-Турција, Ергли (2 професори, 4 ученици, март 2023)

-Проект **"Unification in Diversity**"-состанок-Романија. Морени (2 професори,4 ученици, јуни 2023)

-Проект "**First Aid**"-состанок, домаќин СОУ Ѓорче Петров, Прилеп, Македонија (март 2023)

-Проект **"Hard skills make you qualifield for a job. Soft skills help you write a resume and to intervieuw to get a job and keep the job".** -состанок, домаќин СОУ Ѓорче Петров, Прилеп (мај,2023)

-Проект **"Cultural animation as a key against elderly social isolation"** - состанок-Витербо, Италија (5 ученици, 2 професори, септември 2022, 5 работни дена, 2 дена пат)

-Проект **"Cultural animation as a key against elderly social isolation"** -Домаќин ,СОУ Ѓорче Петров, номеври

-Проект **"Unification in Diversity**"-Домаќин, СОУ Ѓорче Петров, октомври

-Проект **"Hard skills make you qualifield for a job. Soft skills help you write a resume and to intervieuw to get a job and keep the job".** Состанок -Опвијк, Белгија ( 2 професори, 2 ученици, септември 2022, 3 работни дена, 2 дена пат)

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ЕРАЗМУС

### Наставници кои учествувале во национални проекти во учебната 2022/2023

### Координатор на проектот – Елизабета Милошеска

| Име и презиме на наставници | Име на проектот | Учебна година | Време на реализација | Место на реализација | Држави учеснички |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Петра Лукароска | Testify the resource before sharing a post | 2022/23 | 07-14.10.2022 | Измир - Турција | Италија, Турција |
| Лидија Алексоска | Testify the resource before sharing a post | 2022/23 | 06-10.02.2023 | Кавала - Грција | Романија, Грција |
| Соња Николоска | Testify the resource before sharing a post | 2022/23 | 06-10.02.2023 | Кавала - Грција | Романија, Грција |

**Наставници кои учествувале во национални проекти во учебната 2022/2023**

**Координатор на проектот–Билјана Тошеска**

| **Име и презиме на наставници** | **Име на проектот** | **Учебна година** | **Време на реализација** | **Место на реализација** | **Држави учеснички** |
|---|---|---|---|---|---|
| Здравка Најдоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 12- 18.03.2023 | Хрватска | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Наташа Најдоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 19-23.09.2022 | Италија | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Наташа Ванчева | Cultural animation as a key against elderly social | 2021/22 | 24.04.-01.05.2022 | Франција | Англија, Франција, Германија, Италија, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | isolation | | | | Хрватска |
| Здравко Ристески | Union in divercity | 2022/23 | 12-17.03.2023 | Турција | Полска, Португалија, Италија, Турција |
| Дејан Димоски | Union in divercity | 2021/22<br>2022/23 | 04-09.03.2022<br>12-17.03.2023 | Италија<br>Турција | Романија, Италија, Португалија,Турција, Полска |
| Даниела Јорданоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 27.03.-01.04.2023 | Германија | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Лина Ѓорѓиоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 27.03.-01.04.2023 | Германија | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Наташа Мирческа | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 12-18.03.2023 | Хрватска | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Антигона Димоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 24.04-01.05.2023 | Франција | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Антигона Димоска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 19-23.09.2022 | Италија | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Елизабета Милошеска | Cultural animation as a key against elderly social | 2022/23 | 15-20.01.2023 | Англија | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | isolation | | | | |
| Елизабета Милошеска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 26-30.09.2022 | Белгија | Белгија, Италија |
| Наташа Ванчева | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 04-07.06.2023 | Славонски Брод | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Јане Стојаноски | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 04-07.06.2023 | Славонски Брод | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Лидија Ристески | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 04-07.06.2023 | Славонски Брод | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |
| Снежана Переска | Cultural animation as a key against elderly social isolation | 2022/23 | 04-07.06.2023 | Славонски Брод | Англија, Франција, Германија, Италија, Хрватска |

## 2.3. Слободни ученички активности

За оваа учебна година беа пријавени да работат следните секции кои аналогно на своите изработени програми за работа во текот на учебната година, ги изработија и своите извештаи:

1.Драмска секција - Слободно театарче – Билјана Тинтоска

2.Фризерска секција – Стојна Христоска

3.Информатичка секција – Гоце Неделкоски

4. Математичка секција – Валентина Темелкоска и Тодорка Лашкоска
5.Текстилна секција – Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска
6. Историска секција – Млади историчари – Ирена Јорданоска
7. Секција за спорт и спортски активности (футсал, кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, пливање, планинарење, велосипедизам, карате, пинг-понг, атлетика) – Здравко Ристески, Зоран Димоски, Дејан Димоски
8.Рецитаторска секција – Жанета Видевска
9.Здравствено едукативна секција - Здравје без граници – инструкторки од практичната настава
10.Секција по физика – Сашо Кочоски

**2.4.Следење и унапредување на успехот на учениците**

Успехот на учениците во тековната година континуирано се следеше на крајот на секој класификационен период, што се внесуваше во извештаите за успех од секој клас, што во понатамошна постапка на педагогот се користеа за подлабоки компаративни анализи за негово унапредување.

**2.5.Ученички екскурзии**

Во текот на учебната 2022/23 година беа изведени две еднодневни ученички екскурзии есенска и пролетна, од забавно рекреативен карактер. Исто така и повеќедневната екскурзија од научен карактер наменета за учениците од втора година од тригодишното средно образование и трета година од четиригодишното средно образование, се реализираше низ Европа во траење од 6 дена во периодот од 09.05 до 14.05.2023 година. Екскурзијата беше реализирана во соработка со ТА Балкан нет-фул сервис операторс Скопје, на релација Игуменица, Бари, Неапол, Рим, Ватикан, Фиренца, Верона, Венеција

**2.6. Заштита и унапредување на здравјето на учениците**

Одржувањето на хигиената во училиштето беше со максимална ангажираност на сите субјекти во воспитно-образовната институција.

Во однос на унапредувањето на здравјето и едукација за одржување на истото, се реализираа стручни предавања од страна на вработените од Центарот за јавно здравје, како и предавања од страна на класните раководители за време на класните часови и советодавни разговори на педагошко-психолошката служба за ученици, наставници и родители.

## 2.7. Запишани и отпишани ученици

**Ученици кои се запишале во текот на учебната 2022/23 година**

| Име, татково име и презиме на ученикот | Националност | Од кое училиште доаѓа | Датум на упис | Во кој клас се запишува | Со преведница број |
|---|---|---|---|---|---|
| Дејви Марина Дамески | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 31.08.2022 | 2/5 | 08-10/8 од 31.08.2022 |
| Јоана Бобан Аранѓеловиќ | Македонка | ПСУ Јахја Кемал - Струга | 01.09.2022 | 2/8 | 0804-133 од 22.07.2022 |
| Амина Ермин Колашинац | Бошњак | СОУ Орде Чопела - Прилеп | 02.09.2022 | 2/1 | 08-27/9 од 05.09.2022 |
| Александра Роза Петреска | Македонка | СОУ Орде Чопела - Прилеп | 06.09.2022 | 1/6 | 08-275/1 од 01.09.2022 |
| Илчо Гоце Иваноски | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 06.09.2022 | 1/5 | 02-545 од 23.09.2022 |
| Петар Николче Малиновски | Македонец | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 22.09.2022 | 2/5 | 08-10/13 од 22.09.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Андреј Дејан Ширкоски | Македонец | СОУ Гимназија Мирче Ацев - Прилеп | 23.09.2022 | 2/1 | 08-533/2 од 23.09.2022 |
| Тајана Трајче Бошкоска | Македонка | СОУ Ристе Ристески Ричко - Прилеп | 02.12.2022 | 1/3 | 08-10/23 од 02.12.2022 |

**Ученици кои се отпишале во текот на учебната 2022/2023 година**

| Име, татково име и презиме на ученикот | Националност | Во кое училиште оди | Датум на отпишување | Од кој клас се отпишува | Со преведница број |
|---|---|---|---|---|---|
| Аделина Осман Османоска | Ромка | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 26.08.2022 | 1/4 | 08-589/1 од 26.08.2022 |
| Стефан Трајче Тркалески | Македонец | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 29.08.2022 | 2/5 | 08-594/1 од 29.08.2022 |
| Бојан Тони Ѓорѓиески | Македонец | СОУ Орде Чопела – Прилеп | 30.08.2022 | 1/9 | 08-599/1 од 30.08.2022 |
| Давид Пеце Црвенкоски | Македонец | ДСУ РЦСОО Ванчо | 01.09.2022 | 1/5 | 08-696/1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Питушески – Охрид | | | од 01.09.2022 |
| Исидора Адријано Котевска | Македонка | Спортска академија – Скопје | 01.09.2022 | 1/8 | 08-700/1<br>од 01.09.2022 |
| Ајла Неџип Шиљевиќ | Бошњачка | Д-р Панче Караџозов – Скопје | 01.09.2022 | 3/3 | 08-730/1<br>од 07.09.2022 |
| Александра Роберт Стеваноска | Македонка | СОУ Орде Чопела – Прилеп | 07.09.2022 | 1/4 | 08-736/1<br>од 07.09.2022 |
| Ана Марија Атанасоска | Македонка | СОСУ Св. Кирил и Методиј – Охрид | 05.09.2022 | 2/3 | 08-704/1<br>од 05.09.2022 |
| Салим Алија Јашароски | Ром | СОУ Орде Чопела – Прилеп | 20.09.2022 | 1/4 | 08-777/1<br>од 20.09.2022 |
| Михаела Александар Проданова | Македонка | СОУ Лазар Танев – Скопје | 12.10.2022 | 2/4 | 08-855/1<br>од 12.10.2022 |
| Марија Мио Шамовска | Македонка | СОУ Наум Наумоски Борче - Крушево | 06.12.2022 | 2/5 | 08-945/1<br>од 06.12.2022 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Валерија Цветан Златева | Македонка | СУГС Димитар Влахов - Скопје | 30.01.2023 | 1/4 | 08-38/1<br><br>од 30.01.2023 |
| Стефанија Ацо Ристовски | Македонка | СОЗШУ Ѓорче Петров - Прилеп | 30.01.2023 | 1/4 | 08-40/1<br><br>од 30.01.2023 |
| Сара Панде Симоноска | Македонка | СОЕПТУ Кузман Јосифоски Питу – Прилеп | 21.02.2023 | 1/4 | 08-111/1<br><br>од 21.02.2023 |

**Ученици кои се отпишале во текот на учебната 2022/2023 година**

(без преведница со изјава )

| Име, татково име и презиме на ученикот | Националност | Од кој клас се отпишува | Причина |
|---|---|---|---|
| Мерјем Сабина Шерифоска | Ромка | 1/6 | мажена |
| Теодор Емилио Мицкоски | Македонец | 2/1 | Школување во странство |
| Јасмина Емина Вејсиловиќ | Ромка | 1/4 | мажена |
| Арифа Перикана Асаноска | Ромка | 1/4 | мажена |
| Анифе Ајдар Амедоски | Турчинка | 4/5 | Има 18 години - вонредно |
| Нерка Фердит Али | Ромка | 2/4 | Мажена во Франција |
| Мила Андријана Андреевска | Македонка | 1/3 | Школување во странство |
| Ермира Музафер Селимоска | Албанка | 3/4 | Преселување во странство |
| Јашар Муки Џафероски Џемаилоски | Ром | 2/7 | Преселување во странство |
| Ајли Ајтен Шерифоска | Ромка | 1/5 | Преселување во странство |
| Адина Селма Шабаноска | Ромка | 2/2 | Преселување во странство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Рабија Адем Адемоска | Ромка | 3/5 | Вонредно |
| Мухамед Шабан Нусрет Машовиќ | Ром | 3/5 | Вонредно |
| Љутви Ернес Сабриоски | Ром | 3/5 | Вонредно |
| Дуракоски Расим Ардит | Бошњак | 4/8 | Има 18 години |
| Дамевски Дејви | Македонец | 2/5 | Има 18 години |
| Матеја Бинчев ( Билјана Андерсон) | Македонка | 2/8 | Преселување во странство |
| Јордан Ѓорѓи Мешков | Македонец | 1/5 | Преселување во странство |
| Адела Ариф Асаноска | Ромка | 1/6 | Преселување во странство |
| Љуљета Муфит Далипоска | Албанка | 3/6 | Вонредно |
| Ѓулсун Мухамед Али Незироска | Турчинка | 1/4 | Мажена |
| Шабан Рамадан Вејселоски | Бошњак | 4/5 | Преселување во странство |

Педагог – Снежана Милошеска

**Ученици кои учествувале и освоиле место на државни и меѓународни натпревари за 2022/2023 год.**

| Име и презиме на наставникот | Предмет | Учествона каков натпревар (државен, меѓународен) | Освоено место | Име и презиме на ученикот | Клас |
|---|---|---|---|---|---|
| Татјана Шабаноска | биологија | државен | Трето место | Спиркоски Вилијам | 1-8 |
| Соња Николоска | биологија | државен | Второ место | Евгернија Неданоска | 3-2 |
| Слободан Петкоски | хемија | државен | Второ место | Марија Котева | 1-1 |

## 3. ПОВРЗАНОСТ СО ПОТЕСНАТА И ПОШИРОКАТА ОПШТЕСТВЕНА СРЕДИНА

Во изминатата учебна година училиштето контактираше со сите институци:
•Соработка со советникот за образование при Локалната самоуправа - Прилеп;
•Соработка со Бирото за развој на образованието;
•Соработка со Медицински центар - Прилеп;
•Соработка со Завод за здравствена заштита - Прилеп;
•Соработка со Градска општа болница Борка Талески - Прилеп
•Соработка со другите училишта во градот и Републиката;
•Соработка со културните, спортски и други институции и јавни работници;
•Соработка со работни организации чие производство е тесно поврзано со наставата која се изведува во нашето училиште;
•Соработка со Државниот просветен инспекторат;
-Соработка со Центарот за стручно образование и обука;
-Соработка со USAID;
-Соработка со националната агенција за европски образовни програми;
-Соработка со Гарнизонот „Мирче Ацев"-Прилеп;
-Соработка со Градската библиотека „Борка Талески" – Прилеп;
-Соработка со Коалицијата на младински здруженија СЕГА и други НВО;
-Соработка со ЦСР- Прилеп; - Прилеп;
-За да се запознаат учениците од основните училишта со нашите струки и образовните профили за упис во прва година, се користеа социјалните мрежи, но и Отворениот ден за основците, на кој на многу транспарентен и едукативен начин, нашите ученици под водство на своите наставници од практичната настава ги запознаа учениците од основните училишта со работата на секој образовен профил водејќи ги низ штандовите посебно уредени за секој образовен профил и струка.

## 3.1.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА

## МЕДИЦИНСКА СЕСТРА И ГИНЕКОЛОШКО-АКУШЕРСКА СЕСТРА

1. Одбележување на 14 Ноември Светскиот ден за борба против Дијабетесот – активноста е организирана во ЈЗУ Борка Талески – Прилеп во соработка со главната медицинска сестра и со болничката лабараторија
2. Одбележување на неделата за грижа на старите лица – на 16 Ноември беше спроведено мерење на виталните знаци на штитениците од старскиот дом Киро Крстески – Платник во која активност беа вкучени и ученици и професори од Франција ,Германија , Хрватска и Италија учесници во проект од ЕРАЗМУС + гости во нашето училиште.
3. Одбележување на 17 Ноември Светски ден на предвремено родените бебиња – хуманитарна акција
4. Одбележување на 1 Декември – Светски ден за борба против сидата – преку споделување на едукативни материјали на социјалните мрежи
5. 16 дена активизам против родово-базирано насилство" – перформанс во дворот од училиштето
6. Изработка и делење на Новогодишни честитки
7. Под мотото ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ учениците од здравствената струка -медицинска сестра и гинеколошко акушерска сестра под го одбележаа 7 Април Светскиот ден на здравјето со следните активности

   * Мерење на крвен притисок, пулсиоксиметрија и гликемија

   *Делење на брошури со едукативна содржина во основните училишта во Прилеп и во населените места и во болничките одделенија во Општа болница со проширена дејност Борка Талески Прилеп

   *Чистење на училишниот двор во соработка до младинската организација.

8.Едукативна посета со учениците од здравствена струка -медицинска сестра II -1 и II-2 клас. на одделот за микробиологија во ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп

9.Присуство и учество на првиот симпозиум за сестри инструментарки во хотел Салида -Прилеп.

10.По повод неделата на сестринството и 12 Мај Светскиот ден на медицинските сестри учениците од Соу Ѓорче Петров Прилеп нашите идни медицински сестри со сестринската заклетва ,со песна, со рецитација и со многу емоции и благодарност им го честитаа празникот на вработените во Општа болница со проширена дејност ЈЗУ Борка Талески Прилеп....

## 3.2.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА–ФАРМАЦЕВТСКИ ТЕХНИЧАР

Со учениците од трета и четврта година посета на А.Д. Витаминка;
Со учениците од четврта година посета на фабрика за лекови Алкалоид;
Со учениците од четврта година изработување лосион за акни со клиндамицин;
Исто така овие ученици преку УПР успешно ја изведуваа практичната настава.

## 3.3.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД СТРУКАТА ЛИЧНИ УСЛУГИ

Учениците од струката Лични услуги- Фризер и Техничар за нега и убавина како и секоја година така и оваа зедоја учество на повеќе настани од кои настани некои се и традиционални ,на овој начин соработуваат учениците и со останатите струки во нашето училиште.

- учество на модната ревија „Trash Fashion“ по повод 5ти јуни – Светскиот ден на животната средина, инспирирани од слични настани на глобално ниво. Ревија од рециклирачки материјали на овој настан се изработи креација од тим составен од струките Фризер,козметичар за нега и убавина,техничар за дизајн на облека и тим од медицинска струка. На овој настан креацијата и тимот се здобјаа со специјални награди.
- Отворен ден на училиштето за презентирање на струките од нашето училиште СОУ„Ѓорче Петров“ во холот на училиштето беа презентирани сите струки како и нашата струка Фризер и Техничар за нега и убавина на 31.Мај 2023

- учество со изработка на повеќе техники - разубавување на старите лица по повод Недела за грижа на старире лица,Новогодишните празници,8 ми Март денот на жената
- Реализирани активности во текот на целата година со поканети гости однадвор исто така и помеѓу соучениците нашите ученици ја остваруваат својата креативност,смислата за естетика за убаво со изработка на фризура и шминка за различни пригоди дневна,вечерна,свечена ,уметничка фризура и шминка,обликување на веѓи и сл.
- Благодарение на големиот број успешно и со висок квалитет спроведени проекти од програмата Еразмус +, клучна акција 1, нашето училиште е акредитирано од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност за спроведување на проекти од оваа програма .

Постигнати цели : Учениците преку овие активности имаја можност да ја презентираат својата работа,стекнатите вештини,знаења,искуства,обликување и стилизирање на косата , уметничката шминка да ја истакнат својата креативност,смислата за естетика за убаво .

## 3.4.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКАТА СТРУКА

| *Р.б* | *Вид на активност* | *Период на реализација* |
|---|---|---|
| 1. | Слики и видеа со изработка на различни предмети од текстилни материјали за презентација на струка на фб страната од училиштето | Септември - Декември |
| 2. | Изработка на облека и текстилни производи со материјали добиени во соработка со локални конфекциски и текстилни компании | Октомври-Декември |
| 3. | Изработка на модни илустрации – тема: Женски фустани | Септември - ноември |
| 4. | Посета на CADCAMкројачница во конфекција „Кули“ | Октомври |
| 5. | Посета на конфекциски погон – шивална конфекција „Кули“ | Октомври |
| 6. | Учество во работилница организирана и водена од модниот креатор Ирина Тошева по повод 30 години | Октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | соработка на УСАИД и РСМ. Осмислување , скицирање на модели за модната ревија на тема „Рециклирана убавина“ и избор на материјали соодветни на моделот | |
| 7. | Учество во работилница водена од модниот креатор Ирина Тошева , изработка на модели од облека за модната ревија по повод 30 години соработка на УСАИД и РСМ | Октомври |
| 8. | Учество на настан организиран по повод 30 години од соработката на USAID и РС Македонија со тематската ревија „Рециклирана убавина“со модели изработени од отпадни текстилни материјали | Октомври |
| 9. | Учество во програма на националната телевизија ,,Телма’’ за запознавање на широката јавност со активностите од спроведениот проект од програмата RYCO, Superschools | Октомври |
| 10. | Реализација на редовен наставен час во соработка со вработени од конфекција ,,Кули’’ | Ноември |
| 11. | Кроење на модни акцесоари-баретки за потребите на новогодишен базар во конфекциска компанија ,,Кули’’ | Ноември-Декември |
| 12. | Активности од областа на одржлива мода - Редизајннастараоблекасоприменанадезензавезење | Ноември |
| 13. | Изработка на бележници за книги – подарок за осмоодделенците од ООУ “Блаже Конески” | Ноември |
| 14. | Посета напогонотсоавтомати за везење „Баги - Вез" | Ноември |
| 15. | Презентација на текстилна струка на осмоодделенци од ООУ “Блаже Конески” во училишната работилница за реализација на практична настава | Декември |
| 16. | Реализирана работилница за рециклирање на стара облека, осмоодделенци од ООУ “Блаже Конески” и ученици од СОУ „Ѓорче Петров“ | Декември |
| 17. | Учество на ученици на Конкурс,,Јелена Крстиќ’’ на тема ,,Ултра модерна облека и акцесоари со етно елементи ‘‘ | Декември |
| 18. | Ликовна изложба на творбите од конкурсот „Јелена Крстиќ“ во просториите на училиштето | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Изработка на производи од текстилни материјали добиени во соработка со компании заради реализација на новогодишен панаѓур и промоција на текстилната струка | Ноември - Декември |
| 20. | Рекреативни активности – „Новогодишна фотосесија“ | Декември |
| 21 | Посета на ДООЛ „Хатра“ - презентација за дизајнерско производство, бренд за детска облека „Tilla“ Специјална доработка на облека, дигитално печатење на облека. | февруари |
| 22 | Креирање колекции на различни теми | Февруари-јуни |
| 23 | Учество на ученици од текстилно-кожарска струка во работилници за изработка на мартинки | Февруари |
| 24 | Работилница „Изработка на мартинки“ - ученици од текстилна - кожарска струка и осмоодделенци „Блаже Конески“ | Февруари |
| 25 | Изработка на осмомартовски подароци од донирани текстилни материјали од компании | Февруари |
| 26 | Изработка на текстилни производи за осмомартовски панаѓур | Февруари - Март |
| 27 | „Ја негуваме традицијата и гестот на подарување“ - подарени мартинки на првоодделенците во ОУ „Блаже Конески“ | Март |
| 28 | „Ја негуваме традицијата и гестот на подарување“ - подарени мартинки на сите деца од градинка „Рампо Левката“ | Март |
| 29 | Учество во училишен панаѓур по повод 8 Март | Март |
| 30 | Одбележување на 8 Март - подарување на подароци изработени од учениците | Март |
| 31 | Посета на Atelje - M, шивачки салон за венчаници, свечени фустани, облека и предмети од текстилни материјали. Презентација и едукација за раководење и менаџирање на сопствен бизнис за дизајнерска изработка на облека. | Март |
| 32 | Изработка на 120 навлаки за перници од донирани текстилни материјали од компании | Март - април |

| | | |
|---|---|---|
| 33 | "Грижата за стари лица е наша обврска и должност." донација на 120 навлаки за перници и дружење со корисниците и штитениците на во ЈОУ Дом за стари лица "Киро Крстески - Платник" - Прилеп | Април |
| 34 | Едукативно предавање на тема: Автентичноста на Мариовската народна носија со сите нејзини впечатливи атрибути“ - реализација на проект "МАРИОВСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ - СЕГА И ОВДЕ" во соработка со НУ Завод и Музеј-Прилеп | Мај |
| 35 | едукативна - креативна работилница за изработка на кукли „Мариовки' во рамките на проектот "МАРИОВСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ - СЕГА И ОВДЕ" во соработка со НУ Завод и Музеј-Прилеп | Мај |
| 36 | ИЗЛОЖБА - проект "МАРИОВСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ - СЕГА И ОВДЕ" во соработка со НУ Завод и Музеј-Прилеп | Мај |
| 37 | Интервју за Алгфа ТВ - соработка во проект "МАРИОВСКИТЕ НАРОДНИ НОСИИ - СЕГА И ОВДЕ" со НУ Завод и Музеј-Прилеп и презентација на текстилно - кожарска струка | Мај |
| 38 | Посета на етнолошката поставка "Животот низ занаетите и традицијата" во НУ Завод и Музеј - Прилеп. | Мај |
| 39 | Подготовки на учениците за презентација на струката на Отворениот ден во училиштето | Мај |
| 40 | Учество во презентација на струката на Отворениот ден во училиштето , настан организиран од училиштето , а поддржан од локалната самоуправа | Мај |
| 41 | Учество во интервјуа правени од медиумите заради презентирање на струката | Мај |
| 42 | Изработка на модели на облека и модни детали од рециклирачки материјали | Мај - Јуни |
| 43 | Учество во емисија во живо на радио „Пела“ - | Јуни |

| | | |
|---|---|---|
| | Презентација на текстилно - кожарска струка и дуално образование | |
| 44 | Учество на модна ревија „Креативен ден 2023“ - Офицерски дом - Битола - Проект на продукцијата "Божилович", текстилна струка СОУ „Таки Даскалот“ и Културен и информативен центар - Битола | Јуни |
| 45 | Изработка на производи за учество на настан “Мојот редок свет” за инклузија и прифакање на различностите “Игралиште од соништата- живот од соништата за секое дете” | Април |
| 46 | Учество на модна ревија “Trash fashion’ со модели изработени од рециклирачки отпад | Јуни |

### 3.5. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ШУМАРСКО-ДРВОПРЕРАБОТУВАЧКАТА СТРУКА

